**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
17-09-2016
10 4457 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Опфатени се десет изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на мониторираниот примерок од – 3 часа 12 минути и 11 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 – вести на албански јазик | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:03:44 | 1,94 % |
| Влада на РМ | 00:20:41 | 10,76 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:13 | 3,23 % |
| СДСМ | 00:11:06 | 5,78 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:28 | 4,41 % |
| Претседател на РМ | 00:03:33 | 1,85 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:09 | 1,64 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:15 | 1,17 % |
| Други субјекти | 00:26:31 | 13,80 % |
| Без субјекти | 00:20:17 | 10,55 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:23 | 8,52 % |
| Судство | 00:02:45 | 1,43 % |
| Локална самоуправа | 00:04:28 | 2,32 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:06:43 | 3,49 % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:23 | 9,05 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:04 | 2,12 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:10 | 0,61 % |
| Граѓански сектор | 00:20:35 | 10,71 % |
| ДИК и други органи | 00:02:02 | 1,06 % |
| Беса | 00:05:09 | 2,68 % |
| Левица | 00:00:54 | 0,47 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:14 | 1,68 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:24 | 0,73 % |
| | **Вкупно: 03:12:11** | 100 % |

Информативната редакција на МРТ2 - програмата на албански јазик зазема мошне слично новинарско становиште како и Првиот програмски сервис, држејќи се главно до фактографијата на веста (во низа) и на извештаите како основни информативни жанрови за проследување на актуелностите од општествено – политичкиот живот. Нијансите во известувањето се пред сè - тематски/содржински, односно се однесуваат на јазичните и на културолошките карактеристики и преференции на целната група во публиката на којашто овој програмски сервис ѝ се обраќа.

Во дневниците на МРТ2 забележлива беше и честата примена на жанрот - извештај со елементи на социјална репортажа, како новинарски метод што извлекува тематски паралели преку лоцирање институционална надлежност и одговорност, и преку прикажување индивидуални/семејни приказни од поплавените подрачја во одредени скопски региони. Граѓанскиот, хуман аспект, што во ваквите прилози беше поврзуван со подготовките и со празнувањето на Курбан Бајрам, како и пригодните прилози за различни аспекти од ТВ-портретот на Мајка Тереза, контекстуализирани во поширoката, хуманистичка слика за религиозните и за општествените свечености од актуелниот календарски период - тоа беа некои од споменатите културолошки специфики на новинарските прилози поврзани со целната група во ТВ-публиката. Во оваа смисла евидентиран е прилог со времетраење од 2 минути и 20 секунди, насловен - *„Се верува во*

*љубовта на Мајка Тереза*", што функционира како мини ТВ-портрет во кој се вклучени и размислувањата на граѓани што се поистоветуваат со хуманиот пример на Светицата.

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| 22. Влада на РМ | 00:03:55 | 7,29 % |
| 03. ВМРО ДПМНЕ | 00:01:55 | 3,57 % |
| 04. СДСМ | 00:03:16 | 6,08 % |
| 194. Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:18 | 4,28 % |
| 24. Претседател на РМ | 00:01:27 | 2,70 % |
| 28. Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:56 | 11,05 % |
| 25. Локална самоуправа | 00:01:20 | 2,48 % |
| 193. Експерти/аналитичари | 00:08:53 | 16,54 % |
| 26. Други субјекти | 00:08:57 | 16,66 % |
| 209. Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:31 | 0,96 % |
| 192. Граѓански сектор | 00:08:26 | 15,70 % |
| 21. ДИК и други органи | 00:00:20 | 0,62 % |
| 14. ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:32 | 0,99 % |
| 186. Беса | 00:01:44 | 3,23 % |
| 202. Левица | 00:00:40 | 1,24 % |
| 11. ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:46 | 3,29 % |
| 188. Министри/заменици од СДСМ | 00:00:24 | 0,74 % |
| 33. ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:59 | 1,83 % |
| 08. ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:24 | 0,74 % |
| **Вкупно:** | **00:53:43** | **100 %** |

МРТ2 во мал обем известуваше стриктно за партиски активности, но и во тие случаи, главно опозициските критички опсервации (СДСМ, ДОМ, Беса) за различни области од општествено-политичкиот живот прецизно ги адресираше до надлежни државни институции, било во рамките на министерствата било во органите на државната управа и на јавните претпријатија, без инсистирање на меѓупартиска полемика.

Во статистиката од графите – „*други субјекти*", „*граѓански сектор*" и „*без субјекти*" - евидентирано е информативното време презентирано преку - изјави, разговори, интервјуа и/или анкети, отстапено за – индивидуи поврзани со чествувањето на Мајка Тереза, стопанските комори, синдикати од различни општествени домени, пратеници од поранешните состави на Собранието, хуманитарни организации, граѓани од поплавените подрачја, учесници на филмскиот фестивал „Браќа Манаки", студентски здруженија, адвокати и засегнати страни од судски постапки, здруженија на граѓани врз основа на различни општествени дејности или иницијативи.

*Посебни информативни емисии*

За време на десетдневниот мониторинг, во вкупната емитувана програма на Вториот програмски сервис од Македонската телевизија, прибележани се две емисии, по различен жанровски пристап осмислени според документарните начела на ТВ-портретот: На 10 септември, со времетраење од 51 минута и 27 секунди (од 19:58:05 до 20:49:32), емитувана е емисијата „Мотив" што го портретира Замир Дика, сегашниот ректор на Штуловиот универзитет во Тетово, кој се навраќа и на својата некогашна пратеничка функција во

македонското Собрание; на 11 септември, со времетраење од 56 минути и 40 секунди (од 20:34:35 до 21:31:15), емитувана е документарната емисија „Дебарски корени" што го портретира Ружди Љата, градоначалник на општина Дебар, член на владејачката ДУИ. И двете емисии се асоцирани кон овој извештај поради актуелната општествено -политичка димензија во двете прикажани биографии.

***Сектор за програмски работи***